**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-3094/1 од 09.07.2018 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Дванаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **16.07.2018 година (понеделник) со почеток во 12 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за утврдување на пропишани обрасци за спроведување на избори за советите на облиците на месната самоуправа;
2. Предлог - Одлука за определување на членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа;
3. Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во потпроект - "Унапредување на туристичкиот потенцијал и подобрување на туристичката визибилност, на дестинација - Скопска Црна Гора и кумановскиот регион";
4. Предлог - Одлука за давање овластување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за одржување на планинските патеки на Скопска Црна Гора;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
6. Предлог - Одлука за прием во сопственост и предавање на користење, употреба и одржување на новоизградената примарна и секундарна водоводна мрежа и резервоар за висока зона, во населеното место Раштак; и
7. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**